# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ИСКУСТВАТА И ЗНАЕЊАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ

2019

Институт за човекови права

ECE

**Издавач:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените
Ул. Максим Горки бр. 20/1-4, Скопје
Тел: 02 3298 295; 3298 296
Факс: 02 3211 453
www.esem.org.mk

**За издавачот**
Јасминка Фришчиќ, извршна директорка

**Лектура**
АБАКУС

**Автори**
Татијана Темелкоска
Наташа Бошкова

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Зголемен јавен надзор врз Антидискриминациската и Антикорупциската комисија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# СОДРЖИНА:

4. ВОВЕД
6. МЕТОДОЛОГИЈА
8. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ
13. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ
16. ЗАПОЗНАЕНОСТ СО ПРАШАЊЕТО ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И
СО ЗАКОНСКИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ЗАШТИТА
21. ЛИЧНИ ИСКУСТВА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ ГРАЃАНИ СО ДИСКРИМИНАЦИЈАТА
36. ЗАПОЗНАЕНОСТ СО РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА (КСЗД)
40. ЛИЧНИ ИСКУСТВА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРЕД КСЗД
55. СПЕЦИФИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РАЗЛИЧНИТЕ РАНЛИВИ ГРУПИ ГРАЃАНИ
- Лица со хендикеп
- Роми/ки
- Корисници/чки на дрога
- Сексуални работници/чки
- ЛГБТ-заедница.

# ВОВЕД

Со усвојувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација во 2019 година[1] (во натамошниот текст ЗСЗД и Законот) се создадоа нормативни претпоставки за суштинско унапредување на системот и на институционалните механизми со кои се гарантира еднаквоста и се обезбедува спречување и заштита од дискриминација. Имплементацијата на Законот во голема мера е условена од формирањето и од функционирањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст Комисијата и КСЗД), како посебно тело за промовирање на еднаквоста и недискриминацијата во општеството и обезбедување заштита на лицата кои претрпеле дискриминација.

Со цел да се овозможи ефективна имплементација на Законот, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, во соработка со Институтот за човекови права и со финансиска поддршка од Британската амбасада во Скопје, презеде низа активности во насока на подобрување на главните аспекти од работата на Комисијата, односно нејзината транспарентност, отчетност и ефективност. Подготвивме проценка на законскиот мандат на Комисијата, при што беа утврдени предусловите за транспарентност, отчетност и ефективност што треба да бидат преземени за да се овозможи непречена работа на ова тело. Првенствено, од особено значење е да се посвети внимание на формирањето на новата Комисија за спречување и заштита од дискриминација[2], како и на вработувањето професионален и стручен кадар во стручната служба што треба да обезбеди поддршка на работата на Комисијата. Паралелно, за континуирано следење на работата на Комисијата развивме методолошки инструменти кои треба да послужат како основа за прогресивно планирање и извршување на законските надлежности на Комисијата.

Со оглед на тоа дека дискриминацијата, односно нееднаквиот третман, ограничувањето на правата и оневозможувањето на пристапот до добра и услуги, многу повеќе ги погодува ранливите групи граѓани, вклучувањето на нивната перспектива во овој процес е од суштинско значење за комплетирање на нашите напори за унапредување на состојбите со еднаквоста и недискриминацијата во општеството. Оттука, оваа анализа има за цел да обезбеди подетални податоци за работата на Комисијата, низ перспективата, односно знаењето, ставовите и искуствата на заедниците кои се особено засегнати со проблемот на

[1] „Службен весник на РСМ“ бр. 08-2888/1 од 16 мај 2019 година
[2] И покрај законскиот рок за формирање на новата Комисија до 22 август 2019, Комисијата сѐ уште не е формирана.

дискриминацијата, како што се Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТИ-лицата и луѓето со хендикеп.  Во таа насока, оваа анализа дава општа слика за начинот на разбирање на концептот на дискриминација, како и за личните искуства и знаењето на наведените ранливи групи граѓани за достапните механизми за заштита од дискриминација, како и подетални информации за транспарентноста, отчетноста и ефективноста во работата на Комисијата. Резултатите од анализата ќе бидат искористени за застапување насочено кон актуализирање на специфичните потреби за заштита на ранливите групи граѓани од дискриминација, како и за континуирано преземање системски активности за нивно запознавање со механизмите за заштита и со постапката за заштита пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Основна цел на оваа анализа е вклучување на перспективата на ранливите групи граѓани[3] во процесот на унапредување на состојбите со еднаквоста и недискриминацијата во нашето општество. Притоа, фокусот е ставен на знаењата, ставовите и искуствата на луѓето кои се особено погодени со проблемот со дискриминацијата - Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат droги, ЛГБТИ-лицата и луѓето со хендикеп. Оваа анализа содржи детални податоци за потребите на наведените ранливи групи граѓани, кои треба да бидат земени предвид при спроведувањето на новиот Закон и извршувањето на проширените надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација[4].

Содржината и наодите од оваа анализа се засноваат на податоците и на информациите прибрани преку следниве методолошки постапки:

1. Анализа на законската рамка за заштита од дискриминација;
2. Користење на секундарните извори на податоци, и
3. Интервјуа за прибирање податоци од ранливите групи граѓани.

Анализата на законската рамка за заштита од дискриминација послужи како основа за утврдување на основните надлежности на Комисијата, фокусирајќи се на транспарентноста, отчетноста и ефективноста, како главни аспекти во работата на ова тело. Во оваа насока, при подготовката на оваа анализа беа користени главните наоди од претходно подготвената Проценка на законскиот мандат на Комисијата и предусловите за транспарентност, отчетност и ефективност[5].

[3] Во оваа анализа наизменично се користат термините „маргинализирани групи“ или „ранливи групи“.

[4] Првично, анализата требаше да биде насочена кон работата на новата Комисија, согласно Законот од 2019 година, но поради неформирањето на Комисијата во законски предвидениот рок до август 2019 година, методологијата беше приспособена и анализата е насочена кон знаењето, ставовите и искуствата на маргинализираните заедници со досегашните два состави на Комисијата.

[5] Проценка на законскиот мандат на Комисијата и предусловите за транспарентност, отчетност и ефективност, Здружение ЕСЕ, 2019, достапна на следниов линк: https://bit.ly/2QSYVM5

Паралелно, беа користени и секундарни извори на податоци, односно извештаи, истражувања и анализи од различни институции и граѓански организации, кои укажуваат на работата на Комисијата и на спроведувањето на Законот за заштита и спречување на дискриминација.

Суштински дел од анализата беше спроведувањето на 150 интервјуа или по 30 интервјуа со претставници на различните ранливи групи граѓани, кои послужија како основа за утврдување на нивните знаења и искуства во однос на состојбите со дискриминацијата, како и очекувањата во однос на работата на Комисијата, како основен механизам за заштита од дискриминација. Основа за подготовка на прашалникот за интервјуата беше претходно подготвената проценка на законскиот мандат на Комисијата и методологијата (со индикатори) за следење на транспарентноста, отчетноста и ефективноста во работата на Комисијата. Прашалникот содржи вкупно 45 прашања, поделени во следниве области: основни информации за испитаниците; разбирање на дискриминацијата и лични искуства со дискриминацијата; запознаеност со законските можности за заштита и со надлежностите на Комисијата; лично искуство во постапката за заштита пред Комисијата; транспарентност и отчетност во работата на Комисијата, предлози за подобрување на состојбите со дискриминацијата и работата на Комисијата. Интервјуата беа спроведени од страна на координатори од граѓанските организации кои обезбедуваат помош и поддршка на наведените ранливи групи граѓани: Коалиција Маргини, Полио Плус, ХОПС и Станица ПЕТ. Од особено значење е да се напомене дека по спроведувањето на интервјуата и подготовката на нацрт-анализата, координаторите од граѓанските организации обезбедија свое мислење и видување во однос на интерпретирањето на податоците. Во Анекс на оваа анализа се наоѓа прашалникот за интервјуата спроведени со луѓето со попреченост, Ромите, луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и ЛГБТИ-лицата.

Од анализата произлегоа заклучоци и препораки кои ќе послужат како основа за застапување насочено кон актуализирање на специфичните потреби за заштита од дискриминација на ранливите групи граѓани, како и континуирано преземање системски активности за правно зајакнување на луѓето со хендикеп, Ромите, луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и ЛГБТИ-лицата, со цел да се спречат дискриминаторски дејствија и да се обезбеди подобра заштита во случај на дискриминација.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

***а) Заклучоци***

И покрај подобрената законска рамка за превенција и заштита од дискриминација, поради неспроведувањето на усвоените законски одредби во практиката изостанува заштитата на луѓето кои се дискриминирани. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не е формирана во законски предвидениот рок и не се преземени потребните предуслови
неопходни за ефективна имплементација на Законот.

Луѓето со хендикеп, Ромите, луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и ЛГБТИ-лицата имаат основно познавање за елементите на дискриминацијата. Најголем дел од претставниците на ранливите групи, дискриминацијата ја разбираат како нееднаков третман (81,3 %), како ограничување на правата на граѓаните (44,6 %) или како оневозможување на пристапот до добра и услуги (34 %). Мнозинството од нив (63,3 %) сметаат дека не се еднакво третирани, односно дека делумно уживаат еднаков третман (22 %) во државата, а - следствено на тоа - дури 78 % од нив сметаат дека биле жртви на дискриминација. Најчесто се дискриминирани поради припадност на маргинализирана заедница. Маргинализираните заедници се жртви на системска дискриминација, што се потврдува со фактот дека најчести сторители на дискриминација се државните институции. Социјалната и здравствената заштита, работните односи, правосудството и управните органи, како и пристапот до добра и услуги, се области каде што луѓето со попреченост, Ромите, луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и ЛГБТИ-лицата биле најчесто дискриминирани.
Најголем број од претставниците на ранливите групи граѓани во случај на дискриминација прво се обраќаат до граѓанските организации, а значително помал број се обраќаат до механизмите надлежни за заштита од дискриминација. Две третини од испитаниците одговориле дека во случај на дискриминација можат да се обратат за помош во граѓанските организации; 35 % во КСЗД; 36,6 % кај Народниот правобранител и 26,6 % во суд. Ова, меѓу другото, е резултат на слабата информираност на луѓето со попреченост, Ромите, луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и ЛГБТИ-лицата за постоењето посебен закон за спречување и заштита од дискриминација и на недоволното познавање на надлежностите на Комисијата. Оние кои се информирани за механизмите за заштита од дискриминација, оваа информација најчесто ја добиле од граѓанските организации или од медиумите, но ниту еден испитаник не добил ваква информација од државен орган.

Високиот степен на непознавање на Законот, надлежностите и заштитната функција на КСЗД укажува на тоа дека новиот состав на КСЗД ќе треба интензивно да работи на јакнење на јавната свест и на промовирање на своите надлежности. Имено, 56,6 % од ранливите групи знаат дека постои посебен закон, 50 % воопшто не ја познаваат улогата и надлежностите на КСЗД,  додека 29,30 % од нив делумно ја познаваат нејзината улога и надлежности. Новиот ЗСЗД дава широки основи КСЗД да презема активности за промоција, заштита и превенција на еднаквоста, човековите права и справувањето со сите форми на дискриминација, преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација.

Исклучително нискиот број претставки (9) е во расчекор со високиот процент  (78 %) испитаници (117) кои се изјасниле дека биле жртва на дискриминација, според наодите изнесени погоре во оваа анализа. Исто така, испитаниците кои биле жртва на дискриминација биле дискриминирани по повеќе основи. Овие сознанија ги потврдуваат и наодите на истражувањата на граѓанските организации, кои покажуваат дека причините, меѓу другото, се во ниското ниво на правна писменост и недоволното познавање на механизмите за заштита, системската дискриминација и недовербата во институциите од страна на ранливите групи граѓани.

Ранливите групи граѓани сметаат дека Комисијата не е доволно претставена во медиумите и во јавноста. Голем процент (71,60 %) од  припадниците на ранливите групи граѓани, кои се често жртви на дискриминација, се изјасниле дека воопшто не се задоволни од начинот на кој Комисијата е претставена во медиумите. Исто така, висок процент (74,80 %) од испитаниците воопшто не се задоволни со начинот на кој КЗД ги информира граѓаните и јавноста.

***б) Препораки***

- Од исклучително значење е Комисијата да гради отворени и конструктивни односи со јавноста и со медиумите, со што ќе ја зголеми својата видливост и ќе овозможи поголемо разбирање на нејзината улога во превенцијата и заштитата од дискриминација и постепено ќе ја јакне довербата на јавноста и на граѓаните. Притоа, КСЗД треба да преземе конкретни мерки и активности во насока на унапредување на транспарентноста и отчетноста, преку промоција на својата работа на национално и на локално ниво.

- Извештаите за работата и финансиските извештаи треба редовно да се објавуваат на интернет-страницата на КСЗД, а информациите што се пласираат преку социјалните мрежи и медиумите треба редовно да се ажурираат.

- Се препорачува подобрување и збогатување на интернет-страницата на КСЗД, што ќе овозможи широка афирмација на улогата и надлежностите на КСЗД и значително ќе ја подобри нејзината транспаретност, отвореност и интеракција со јавноста и со директните корисници.

- КСЗД да воспостави и да развива соработка со другите механизми за заштита од дискриминација: Народниот правобранител, судовите, координаторите за еднакви можности и комисиите за еднакви можности во единиците на локалната самоуправа.

- Системски и долгорочно да се адресира проблемот со малиот број претставки за заштита од дискриминација од страна на сите надлежни органи и институции, преку градење сеопфатни, ефективни и применливи антидискриминаторски политики, ефикасна институционална соработка, целосна ангажираност и посветеност на КСЗД во спроведувањето промотивни и информативни активности, теренска работа, афирмирање и запознавање на припадниците на маргинализираните граѓани со нејзините надлежности и со другите законски можности за заштита од дискриминација, како и редовно следење на спроведувањето на одлуките на КСЗД и инклузија на овие групи граѓани во главните општествени текови.

- КСЗД да преземе голем број активности за информирање, промоција и едукација за еднаквоста и за човековите права и за заштита од различните облици дискриминација, особено меѓу ранливите групи граѓани.

- КСЗД во соработка со граѓанските организации да организира и да спроведе кампања за подигање на свеста на јавноста за стигмата и дискриминацијата на Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТИ-лицата и луѓето со попреченост, со фокус на основата на дискриминацијата и на областите во кои претставниците на наведените ранливи групи граѓани најчесто се соочуваат со дискриминација.

- Потребно е да се унапреди работата на Комисијата преку:

\- скратување на рокот за одлучување по претставките;

\- избор на членови со долгогодишно искуство и работа на полето на недискриминацијата;

\- вработување професионална и компетентна стручна служба, и

\- намалување на политичкото влијание врз работата на КСЗД.

- Потребно е спроведување континуирани обуки за вработените во државните институции за постапување со и за креирање активности за промоција и превенција на дискриминацијата на ранливите групи граѓани:

\- Министерство за труд и социјална политика и Министерство за здравство да организираат обуки за здравствените работници и за стручните служби во центрите за социјална работа кои ќе постапуваат со луѓето кои употребуваат дроги, со цел да се намали стигмата и дискриминацијата на оваа заедница во областа на социјалната и здравствената заштита.

\- Академијата за судии и обвинители да спроведе обуки за кандидатите, судиите и обвинителите за постапување во случаите во кои жртви или обвинети се сексуални работници, со цел да се намали дискриминацијата на сексуалните работници во областа на правосудството и управните органи.

- Граѓанските организации што обезбедуваат услуги за ранливите групи граѓани да ги зајакнат своите активности за информирање на заедницата за законската и за институционалната рамка за спречување и заштита од дискриминација.

- Граѓанските организации да воспостават соработка со механизмите за заштита од дискриминација, преку заеднички активности во кои ќе ги вклучат и луѓето со попреченост, Ромите, луѓето кои употребуваат droги, сексуалните работници/чки и ЛГБТИ-лицата.

- Донаторите финансиски да ги поддржат граѓанските организации што работат со маргинализираните заедници, со цел правно да ги зајакнат заедниците, да ги информираат за достапните механизми за заштита од дискриминација и да им помогнат да си ги остварат своите права пред институциите.

- Унапредување на законската рамка за заштита од дискриминација на луѓето со попреченост, Ромите, луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и ЛГБТИ-лицата и усогласување на законите со ЗСЗД.

- Унапредување на законската рамка преку усвојување закон преку кој ќе се обезбеди правно признавање на родот на трансродовите луѓе и партнерствата на истополовите двојки.

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ГРАЃАНИ

Во рамките на истражувањето беа спроведени структурирани и длабински интервјуа со вкупно 150 припадници на различни маргинализирани заедници или, попрецизно, со: 30 луѓе со попреченост, 30 Роми, 30 луѓе кои употребуваат droги, 30 сексуални работници/чки и 30 припадници на ЛГБТИ-заедницата, од кои 86 лица се од женски и 64 од машки пол.
Во однос на родовата припадност, 86 испитаници се идентификуваат како жени, 53 како мажи, 10 лица како трансродови и едно лице се идентификува како родово небинарно. Најголем дел од испитаниците, односно 39 %, се на возраст од 31 до 40 години, 25 % од испитаниците се на возраст од 20 до 30 години; 20 % се на возраст од 41до 50 години; 12 % од испитаниците се на возраст од 51 до 60 години, а само двајца испитаници се на возраст над 60 години. Четворица од испитаниците не ја навеле возраста.

**Графикон 1: Возраст на испитаниците**



Во однос на етничката припадност на претставниците на ранливите групи, 50 % се Македонци, а околу 35 % се Роми, што покажува дека покрај Ромите таргетирани како испитаници за целите на оваа анализа, интервјуирани се и Роми кои имаат интерсекција со идентитети од другите заедници што се предмет на оваа анализа. Од другите испитаници, 9 % се од албанската етничка заедница, 3 % се Срби, 2 % се Турци, еден е Бошњак и еден испитаник како етничка припадност навел „друго“.

**Графикон 2: Етничка припадност**




**Графикон 3: Работен статус**



Најголем дел од испитаниците (97 %) доаѓаат од урбана средина (Скопје, Прилеп, Струмица, Тетово, Кавадарци, Гостивар, Велес, Куманово, Охрид, Струга и Битола), а само 3 % од нив живеат во рурална средина.

Статусот на вработување кај испитаниците е различен. Речиси половина (49 %) од лицата од сите ранливи групи се невработени, 30 % се вработени, односно 13 % се ангажирани како волонтери, практиканти или со скратено работно време, 7 % се пензионери и еден е студент.

**Графикон 4: Образование на испитаниците**




Во однос на степенот на образование, 43 % се со средно образование, 19 % се со основно образование, 17 % се без формално образование, 17 % се со високо образование, четири со завршени магистерски студии и две лица со докторат.

# ЗАПОЗНАЕНОСТ СО ПРАШАЊЕТО ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И СО ЗАКОНСКИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ЗАШТИТА

Речиси сите претставници на маргинализираните заедници (94 %) знаат каде да побараат заштита во случај на дискриминација, освен 6 % од нив кои не се запознаени со законските можности за заштита. Меѓутоа, податоците покажуваат дека Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат droги, ЛГБТ-лицата и луѓето со попреченост се недоволно информирани за различните механизми за заштита од дискриминација.

Две третини од претставниците на ранливите групи изјавиле дека во случај на дискриминација можат да побараат помош во граѓанските организации (67 %), што е очекувано со оглед на тоа што претставниците на ранливите групи граѓани беа вклучени во истражувањето преку граѓанските организации, со кои веќе имаат воспоставено редовна комуникација и дел од нив се активисти кои и самите се вклучени во спроведувањето на активностите на овие организации. Овој податок кореспондира со податоците од претходните истражувања за пристапот до правда на маргинализираните заедници, со што се потврдува дека мал дел преземаат дејствија за решавање на правните проблеми, а кога бараат помош, тоа најчесто е во здружение на граѓани.

**Графикон 5: Запознаеност со законските можности за заштита од дискриминација**




Секое трето лице од ранливите групи граѓани за заштита од дискриминација би се обратило кај Народниот правобранител (37 %) или во КСЗД (35 %), додека 27 % од испитаниците би се обратиле во суд (види графикон 24).

Лицата од маргинализираните заедници дополнително навеле и други механизми за заштита од дискриминација, при што 11 од нив ја навееле полицијата, тројца навеле адвокат, а по еден испитаник како механизам за заштита од дискриминација ги идентификувале Центарот за социјална работа, Комисијата за еднакви можности, здравствената установа и заедницата.

Со граѓанските организации како механизми за заштита од дискриминација најмногу се запознаени корисниците/чките на дроги (28), претставниците на ЛГБТ-заедницата (27) и сексуалните работници/чки (види графикон 25).

**Графикон 6: Број на лица (по ранливи групи) кои се запознаени со граѓанските организации**




Со улогата на Народниот правобранител најмногу се запознаени претставниците на ЛГБТ-заедницата, по што следуваат лицата со хендикеп и корисниците/чките на дроги (види графикон 26).

**Графикон 7: Број на лица (по ранливи групи) кои се запознаени со народниот правобранител**




Истото се однесува и на запознаеноста со КСЗД. ЛГБТ-заедницата во најголема мера го препознава овој механизам за заштита, споредбено со претставниците на другите ранливи групи граѓани.

Во однос на судската заштита од дискриминација, лицата со хендикеп (18) и припадниците на ЛГБТ-заедницата (18) во многу поголема мера се запознаени со овој законски механизам за заштита од дискриминација (види графикон 27).

**Графикон 8: Број на лица (по ранливи групи) кои се запознаени со судовите**



Доколку ги сумираме податоците во однос на запознаеноста со различните механизми за заштита од дискриминација по ранливи групи, претставниците на ЛГБТ-заедницата[6] се најдобро запознаени со можностите за заштита, споредбено со другите ранливи групи граѓани. Сепак, генерална е констатацијата дека ранливите групи граѓани во недоволна мера се запознаени со различните механизми за заштита од дискриминација.

**Графикон 9: Запознаеност со Законот за спречување и заштита од дискриминација**




Ова се потврдува со податокот дека 57 % од ранливите групи граѓани не се запознаени со постоењето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација. Лицата кои знаат дека постои посебен закон, информацијата за тоа ја добиле од граѓанските организации (32 %) и од медиумите 18,6 %. Загрижува тоа што ниту едно лице за постоењето на Законот не било информирано од страна на државен орган.



[6] Поголем дел од лицата од ЛГБТ-заедницата и самите се активисти во граѓанските организации и, како резултат на тоа, се повеќе запознаени со различните можности за заштита од дискриминација.

Во однос на структурата на лицата кои се запознаени со постоењето на Законот, претставниците на ЛГБТ-заедницата (21) и лицата со хендикеп (18) во значително поголем процент се запознаени со Законот, наспроти претставниците на Ромите (12), корисниците на дрога (9) и, особено, сексуалните работници кои во помал дел се запознаени со постоењето на посебен закон за заштита од дискриминација (види графикон 10).

**Графикон 10: Број на лица (по ранливи групи) кои се запознаени со Законот за спречување и заштита од дискриминација**



# ЛИЧНИ ИСКУСТВА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ ГРАЃАНИ СО ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Речиси сите претставници на ранливите групи опфатени со истражувањето имаат претстава за тоа што е дискриминација, кои се основните елементи на дискриминацијата и како таа влијае врз луѓето кои се дискриминирани.

**Графикон 11: Разбирање на дискриминацијата**




Најголем дел од испитаниците (81 %) ја разбираат дискриминацијата како нееднаков третман. Пропорционално, 27 од 30 испитаници корисници на дрога и припадници на ЛГБТ-заедницата, 25 сексуални работници, 22 Роми и 21 лице со хендикеп го препознаваат нееднаквиот третман како манифестација на дискриминацијата.

Дел од ранливите групи (45 %) истовремено сметаат дека дискриминацијата претставува ограничување на правата на граѓаните, при што ЛГБТ-заедницата во значително поголема мера го препознава овој облик на дискриминација. 27 од 30 претставници на ЛГБТ-заедницата сметаат дека дискриминацијата е ограничување на правата, споредбено со корисниците на дрога (13), Ромите (11), лицата со хендикеп (10) и сексуалните работници/чки (6), кои во помал степен ја дефинираат дискриминацијата како ограничување на правата (види графикон 12).

**Графикон 12: Број на испитаници кои сметаат дека ограничувањето на правата претставува дискриминација**




Секое трето лице (34 % или 51 лице) смета дека оневозможувањето на пристапот до добрата и услугите претставува дискриминација. Притоа, овој елемент на дискриминацијата е најмногу препознаен од ЛГБТ-заедницата (22), по што следуваат корисниците/чките на дрога (11) и лицата со хендикеп (9).

**Графикон 13: Број на испитаници кои сметаат дека оневозможувањето на пристапот до добрата и услугите претставува дискриминација**



Дополнително, пет испитаници додале и свои категории за да објаснат што за нив претставува дискриминацијата. Така, за еден испитаник дискриминацијата е „принуден си да живееш како нешто друго“, за друг „нееднаквост, нетретирање како еднакви, туку третман со предрасуди“ или пак „двојни стандарди, ограничување на правата од страна на државата“.

**Графикон 14: Дали сметаат дека имаат еднаков третман**




Од друга страна, голем процент од претставниците на ранливите групи граѓани, односно две третини, сметаат дека немаат еднаков третман во општеството, а 22 % делумно уживаат еднаков третман (види графикон 14). Во однос на неуживањето еднаков третман, се издвојуваат три ранливи групи граѓани: корисниците/чките на дрога, сексуалните работници/чки и ЛГБТ-луѓето. Во однос на делумното уживање, се издвојуваат лицата со хендикеп (види графикон 15).

**Графикон 15: Број на лица (по ранливи групи) кои сметаат дека не уживаат еднаков третман или дека делумно уживаат еднаков третман во општеството**




Повеќе од две третини (78 %) од ранливите групи граѓани биле дискриминирани. Најподложни на дискриминација се претставниците на ЛГБТ-заедницата (29) и корисниците на дрога (28), по што следуваат сексуалните работници (24), лицата со хендикеп (22) и Ромите (14).

**Графикон 16: Дали биле дискриминирани**



**Графикон 17: Број на лица (по ранливи групи) кои сметаат дека биле дискриминирани**




Како најзастапени се издвојуваат пет основи на дискриминација: припадноста на маргинализирана група (50 %), сексуалната ориентација (24 %), националната или етничката припадност (22 %), здравствениот статус (21 %) и хендикепот (14 %). Другите основи на дискриминацијата се помалку застапени (види графикон 18).

**Графикон 18: Основа на дискриминација**



Очекувано, најголем дел од маргинализираните групи граѓани се жртви на дискриминација врз основа на припадноста на овие групи. Притоа, ваков вид дискриминација најчесто трпат корисниците/чките на дрога (27) и сексуалните работници/чки (24), види графикон 19:

**Графикон 19: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани врз основа на припадноста на маргинализирана група**




ЗСЗД е редок пример каде што постои посебна основа за припадност на маргинализирана група, што е дефинирана како „група поединци кои ги обединува специфичната положба во општеството, кои се објект на предрасуди, кои имаат посебни карактеристики што ги прават подложни на дискриминација и/или насилство и помала можност за остварување и заштита на правата и слободите". За да може да се примени оваа основа, треба да бидат исполнети повеќе елементи, како што се „специфичната положба во општеството" и „подложноста на одредени видови насилство". Маргинализираната положба на овие заедници ги прави и поранливи на насилство и на дискриминација, па не изненадува фактот што најголем дел од интервјуираните лица биле дискриминирани врз основа на припадноста на маргинализирана група.

Врз основа на сексуалната ориентација, очекувано најдискриминирани биле ЛГБТ-лицата и сексуалните работници/чки (види графикон 20).

**Графикон 20: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани врз основа на сексуалната ориентација**




Националната или етничката припадност е третата најчеста основа за дискриминација, што е сосема разбирливо ако се има предвид дека една од клучните заедници од интерес за оваа анализа се Ромите, кои пак најчесто се жртви на дискриминација врз основа на етничката или расната дискриминација.[7] Лицата со хендикеп, корисниците/чките на дрога и ЛГБТ-лицата во помала мера се дискриминирани врз основа на националната или етничката припадност (види графикон 21).

**Графикон 21: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани врз основа на националната или етничката припадност**






[7] Центар за правни истражувања и анализи. Анализа за положбата на Ромите како обвинети во кривична постапка во Република Македонија, 2017, стр. 8.

Со дискриминација врз основа на здравствената состојба најчесто се соочуваат луѓето кои употребуваат droги и лицата со хендикеп (види графикон 22).

**Графикон 22: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани врз основа на здравствената состојба**




Употребата на дроги е силен извор на стигма и дискриминација, па затоа луѓето кои употребуваат дроги често се соочуваат со ситуации во кои не се третираат соодветно. Понекогаш, употребата на дроги води кон зависност, што се квалификува како здравствена состојба за која е потребен третман и поддршка. Здравствената состојба е дискриминаторска основа што ги штити луѓето од нееднаков третман врз основа на сегашната, но и на поранешна здравствена состојба. Луѓето кои еднаш се обележани како корисници на дроги, може да ги трпат последиците и да се соочат со дискриминација и во период кога не употребуваат или веќе не се зависни од дрога.

Лицата со хендикеп остварувањето на нивните права најчесто го интерпретираат преку медицинскиот модел на гледање на хендикепот. Од тие причини, како основа за дискриминација често е наведена нивната здравствена состојба, наспроти дискриминацијата врз основа на попреченост, која - не секогаш - од самите нив е препознаена како основа за дискриминација.

Доколку ги споредиме податоците за основа на дискриминацијата кај различните ранливи групи граѓани, ситуацијата е следна: лицата со хендикеп најчесто се соочуваат со дискриминација врз основа на хендикеп и здравствена состојба; Ромите со дискриминација врз основа на националната или етничката припадност; корисниците на дрога со дискриминација врз основа на припадноста на маргинализирана група и врз основа на здравствената состојба; сексуалните работници со дискриминација врз основа на припадноста на маргинализирана група и ЛГБТ-заедницата со дискриминација врз основа на сексуалната ориентација.

**Табела 1: Број на лица (по ранливи групи) и најчести основи за дискриминацијата**

| | Лица со хендикеп | Роми | Корисници/чки на droги | Сексуални работници/чки | ЛГБТ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Припадност на маргинализирана група | 2 | 5 | 27 | 24 | 1 | 59 |
| Сексуална ориентација | 0 | 0 | 0 | 5 | 23 | 28 |
| Национална или етничка припадност | 6 | 12 | 0 | 4 | 4 | 26 |
| Здравствена состојба | 9 | 0 | 15 | 0 | 1 | 25 |
| Хендикеп | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 |

Во однос на областите каде што претставниците на ранливите групи најчесто биле жртви на дискриминација, најголем дел од нив (43 %) биле дискриминирани во областа на социјалната заштита; работните односи (35 %); правосудството и управните органи (29 %); пристапот до добра и услуги (26 %) и образование, наука и спорт (21 %). Помал дел од ранливите групи граѓани се соочиле со дискриминација во други области од општествениот живот (види графикон 23).

**Графикон 23: Област на дискриминација**




Поголем број од претставниците на маргинализираните групи биле жртви на дискриминација во повеќе од една област, односно 117-те лица кои биле дискриминирани пријавиле 198 случаи на дискриминација во наведените области.

Со дискриминација во областа на социјалната и здравствената заштита најчесто се соочуваат корисниците/чките на дроги (21), по што следуваат лицата со хендикеп, Ромите, ЛГБТ-лицата и сексуалните работници/чки (види графикон 24).

**Графикон 24: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани во областа на социјалната и здравствената заштита**



Со дискриминација во областа на работните односи најчесто се соочуваат припадниците на ЛГБТ-заедницата, кои сочинуваат речиси половина од лицата дискриминирани по оваа основа, а по нив следуваат лицата со хендикеп и корисниците на дрога. Претставниците на другите ранливи групи во помала мера се соочуваат со дискриминација во областа на трудот (види графикон 25).

**Графикон 25: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани во областа на работните односи**




Правосудството и управните органи се области каде што најчесто дискриминирани се сексуалните работници/чки, ЛГБТ-лицата и корисниците/чките на дрога (види графикон 26).

**Графикон 26: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани во областа на правосудството и управните органи**



Пристапот до добра и услуги е најограничен за претставниците на ЛГБТ-заедницата, кои во најголем процент пријавиле дискриминација по оваа основа (види графикон 27).

**Графикон 27: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани во пристапот до добрата и услугите**




Во областа на образованието, науката и спортот, исто така, повеќе од половина од лицата кои биле дискриминирани се дел од ЛГБТ-заедницата (види графикон 28).

**Графикон 28: Број на лица (по ранливи групи) кои се дискриминирани во областа на образованието, науката и спортот**



Анализата на податоците за областите на дискриминација во контекст на различните ранливи групи покажува дека: лицата со хендикеп најчесто пријавуваат дискриминација во областа на социјалната и здравствената заштита и работните односи; Ромите во областа на социјалната и здравствената заштита; корисниците на дрога во областа на социјалната заштита, работните односи и правосудството и управните органи; сексуалните работници/чки во областа на правосудството и управните органи и пристапот до добра и услуги; ЛГБТ-лицата во областа на работните односи, пристапот до добра и услуги и правосудството и управните органи (види табела 2).

**Табела 2: Број на лица (по ранливи групи) и најчести основи на дискриминација**

| Област на дискриминација/ранлива група | Лица со хендикеп | Роми | Корисници/чки на droги | Сексуални работници/чки | ЛГБТ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Социјална и здравствена заштита | 10 | 8 | 21 | 3 | 8 | 50 |
| Работни односи | 10 | 2 | 6 | 3 | 20 | 41 |
| Правосудство и управни органи | 1 | 2 | 6 | 13 | 12 | 34 |
| Пристап до добра и услуги | 6 | 4 | 2 | 6 | 12 | 30 |
| Образование, наука и спорт | 5 | 4 | 3 | | 13 | 25 |
| Јавно информирање и медиуми | 2 | 0 | 0 | 1 | 8 | 11 |
| Членување во политички партии | 2 | 0 | 1 | 1 | 0 | 4 |
| Култура | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Домување | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |

Податоците покажуваат дека дискриминацијата на маргинализираните заедници е широко распространета во сите сфери на општеството. Доколку се направи споредба со податоците од други истражувања може да се заклучи дека состојбата со повредите на правата и дискриминацијата на маргинализираните заедници не е значително променета. Имено, прекршувањето на правата во текот на работниот однос, од страна на полицијата и при издржувањето затворска казна, се многу чести проблеми со кои се соочуваат луѓето кои инјектираат дроги.[8] Сексуалните работници, пак, често пријавуваат проблеми при изнајмувањето живеалиште, пристапот до јавните добра и услуги, проблеми со сопружниците/партнерите и со малолетните деца.[9]



[8] Цековски И., Димитриевски В., Правни потреби и пристап до правда на луѓето кои употребуваат дроги и на сексуалните работници во Република Македонија, 2018, стр.38.
[9] Idem, стр.38.

Од аспект на практиката на досегашните состави на КЗД, најголем број поднесени претставки се од областа на работата и работните односи. Така, од вкупниот број претставки (60) во 2016 година, 40 % се од областа работа и работни односи. Потоа следуваат областите пристап до добра и услуги од јавен карактер (25 %), медиуми и јавно информирање (13 %) и правосудство и управа (8 %).[10] Во 2015 година повторно доминираат претставките од областа работа и работни односи. Така, од вкупниот број поднесени претставки (70), 30 претставки или 42 % се од областа работа и работни односи. На второ место се претставките од областа социјална сигурност (14 претставки или 20 %), додека во 13 претставки не е наведена областа на дискриминација.[11]

Маргинализираните заедници се жртви на системска дискриминација, што се потврдува и со резултатите од ова истражување. Имено, две третини од ранливите групи граѓани биле жртви на дискриминација извршена од страна на институциите, односно 70 % од страна на државните органи, 9 % од страна на единиците на локалната самоуправа и 6 % од правните лица со јавни овластувања. Притоа, корисниците/чките на дрога (24), сексуалните работници /чки (22) и ЛГБТ-лицата (18) најчесто биле дискриминирани од страна на државите органи. Другите испитаници одговориле дека биле жртви на дискриминација од страна на физички лица (66 %) и правни лица (15 %). Високиот процент физички лица кои извршиле дискриминација покажува дека извршителите на дискриминација се поединци кои ги дискриминирале испитаниците при вршењето на нивното овластување, служба или при давањето услуги во институција или во приватна компанија.

[10] Комисија за заштита од дискриминација. Годишен извештај за 2016 година, март 2017, стр. 12.
[11] Комисија за заштита од дискриминација. Годишен извештај за 2015 година, март 2018.

**Графикон 29: Извршител на дискриминација**




Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТ-лицата и луѓето со попреченост кои сметаат дека биле дискриминирани, дополнително навеле и други субјекти од кои била извршена дискриминацијата, така што може да се добие појасна слика за физичките лица кои се дискриминатори во конкретните ситуации. Станува збор за колегите, соучениците, членовите на семејството, медиумите, банките, здравствената установа и здравствениот персонал, полициските службеници, случајните минувачи, УКИМ (Универзитетот „Кирил и Методиј"), кафулињата и други.

# ЗАПОЗНАЕНОСТ СО РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Ромите, сексуалните работници/чки, лицата кои употребуваат дроги, лицата со хендикеп и ЛГБТ-лицата се недоволно информирани за работата на КСЗД.

**Графикон 30: Запознаеност со работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**




Во прилог на констатацијата дека ранливите категории граѓани не се доволно запознаени со КСЗД зборува и податокот дека процентот лица кои ја знаат или делумно ја знаат улогата и надлежноста на КЗСД е еднаков на процентот лица кои немаат такви сознанија. Имено, 21 % од претставниците на ранливите групи ја знаат улогата и надлежноста на КСЗД, додека 29 % од нив делумно ја познаваат, наспроти половина од лицата (50 %) кои воопшто не ја познаваат улогата и надлежностите на КСЗД (види графикон 30).
ЛГБТ-заедницата во најголем степен е запознаена со постоењето и со работата на КСЗД (22)[12], по што следуваат Ромите и лицата со хендикеп. Сексуалните работници/чки и корисниците/чките на дрога се најмалку запознаени со улогата и надлежностите на КСЗД (види графикон 31).

[12] Со оглед на тоа дека во истражувањето беа вклучени лица кои се во редовна комуникација со граѓанските организации и се активно вклучени во нивната работа на полето на заштитата од дискриминација.

**Графикон 31: Број на лица (по ранливи групи) кои се запознаени со работата на КСЗД**




Во однос на запознаеноста со одделните надлежности на КСЗД, преовладува запознаеноста со заштитната функција што ја има Комисијата во индивидуалните случаи на дискриминација (83 %); половина (51 %) од ранливите групи ја препознаваат нејзината улога во промовирањето на еднаквоста и во подигањето на јавната свесност; додека една третина од ранливите групи граѓани (31 %) се запознаени со улогата на Комисијата во однос на подобрувањето на националната правна рамка за заштита од дискриминација (види графикон 32).

**Графикон 32: Надлежности на КСЗД**




Четири лица, како други надлежности на КСЗД ги посочија: вмешувањето во судските постапки, спроведувањето обука на персоналот во полицијата, државните органи и во институциите, поведувањето прекршочни постапки, заштитата на транс и на ЛГБТИ-заедницата и правната помош.

Нивото на информираност за надлежностите на Комисијата помеѓу претставниците на различните ранливи групи граѓани е различно. Претставниците на ЛГБТ-заедницата имаат значително поголеми познавања за заштитната функција на КСЗД (23), како и за нејзината улога во подигањето на јавната свест (22) и подобрувањето на националната правна рамка за заштита од дискриминација (19), во споредба со претставниците на другите ранливи групи граѓани. По нив следуваат лицата со хендикеп и корисниците/чките на дроги, додека Ромите и сексуалните работници/чки се најмалку запознаени со одделните надлежности на Комисијата (види графикон 33).

**Графикон 33: Број на лица (по ранливи групи) кои се запознаени со надлежностите на КСЗД**



Иако 50 % од претставниците на ранливите групи граѓани се запознаени со главните функции и надлежности на КСЗД, загрижува тоа што половина од нив не се запознаени со КСЗД. Дотолку повеќе, различното ниво на информираност на различните ранливи групи ја нагласува потребата од вложување дополнителни напори за запознавање на маргинализираните заедници со новите законски надлежности на КСЗД и со начинот на нивното остварување. Дури 82 % од ранливите групи граѓани не знаат дека е во тек формирањето нова КЗСД, а само 18 % се запознати со ова прашање.

**Графикон 34: Број на лица кои се информирани дека е во тек формирање нова КСЗД**



# ЛИЧНИ ИСКУСТВА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И СТАВОВИ ЗА ТРАНСПАРЕТНОСТА, ОТЧЕТНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА НА КОМИСИЈАТА

Во овој контекст, интересна е перцепцијата на Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТИ-лицата и луѓето со попреченост во однос на тоа дали состојбата со еднаквиот третман и заштитата од дискриминација во државата се подобрила во последниве 5 години. Одговорите покажуваат дека само 10 % од претставниците на ранливите групи сметаат дека состојбата со еднаквиот третман и заштитата од дискриминација во државата во последните 5 години се подобрила, додека 32 % од нив делумно се согласуваат со овој став. Од друга страна, голем е процентот лица (35 %) кои сметаат дека состојбата со дискриминацијата во последните 5 години не се подобрила или процентот испитаници кои немаат свој став по ова прашање (23 %).

**Графикон 35: Број на лица кои сметаат дека состојбата со дискриминацијата во последните години се подобрила**




Дел од Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТИ-лицата и луѓето со попреченост изразуваат благ оптимизам во однос на тоа дека состојбата со еднаквиот третман и заштитата од дискриминација се подобрува, покрај позицијата во која се наоѓаат и системската дискриминација на која се изложени и нивното лично искуство низ лавиринтите на правдата што го споделија со нас во текот на теренското истражување.

Само девет лица поднеле претставка за заштита до КЗД, што зборува за малиот број покренати постапки од страна на припадниците на ранливите групи граѓани. Исклучително малиот број претставки е во расчекор со високиот процент испитаници 78 % (117 испитаници) кои се изјасниле дека биле жртва на дискриминација (види графикон 36).

**Графикон 36: Број на лица кои биле дискриминирани наспроти бројот на лица кои поднеле претставка до КСЗД**




Сите девет лица кои поднеле претставка добиле поддршка и бесплатна правна помош од граѓанска организација. Најголем број претставки се поднесени од страна на припадниците на ЛГБТ-заедницата (5). Корисниците/чките на дрога поднеле две претставки, а по една претставка поднеле Ромите и лицата со хендикеп (види графикон 37). Ваквиот податоккореспондира со поактивната вклученост на ЛГБТ-лицата во активностите на граѓанските организации кои работат на ова поле.

**Графикон 37: Број на претставки поднесени до КСЗД (по ранливи групи)**




По речиси една деценија од усвојувањето на првиот ЗСЗД, ваквата состојба загрижува и обесхрабрува. Овие сознанија ги потврдуваат и наодите од истражувањата на граѓанските организации, кои покажуваат дека причините, меѓу другото, се во ниската правна писменост и во недоволното познавање на механизмите за заштита, системската дискриминација и недовербата во институциите меѓу ранливите групи граѓани.

Ваквата состојба треба системски и долгорочно да се адресира од страна на сите надлежни органи и институции, преку градење сеопфатни, ефективни и применливи антидискриминаторски политики, ефикасна институционална соработка, целосна ангажираност и посветеност на КСЗД во спроведувањето промотивни и информативни активности, теренската работа, афирмирањето и запознавањето на припадниците на маргинализираните групи граѓани со нејзините надлежности и со другите законски можности за заштита од дискриминација, како и редовно следење на спроведувањето на одлуките на КСЗД и инклузија на овие групи граѓани во главните општествени текови.

а) Ставови за ефективноста на КЗД

Оваа анализа го опфати и прашањето за ефективноста на Комисијата низ призмата на личните искуства и перцепции на Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТИ-лицата и луѓето со попреченост. Ефективноста во работата на Комисијата се оценуваше врз основа на неколку параметри: разумноста на рокот во кој Комисијата донела одлука, исходот на постапката и мислењето на Комисијата по претставките, задоволството на испитаниците од постапувањето на и нивниот став во врска со тоа дали била надмината дискриминацијата.

**Табела 3: Дали сметаат дека рокот на одлучување бил разумен**

| Дали сметате дека рокот во кој КСЗД одлучила во вашиот случај бил разумен? | Вкупно |
|---|---|
| Да, разумен е | 2 |
| Не знам | 4 |
| Не, постапката се одолговлечи | 3 |
| ВКУПНО | 9 |

Згрижува тоа што четири лица истакнале дека не знаат, односно дека немаат став за должината на рокот на постапување на Комисијата. Во услови на недостиг на дополнителни информации, тоа би можело да значи дека тие немаат или не добиле доволно податоци за нивната постапка пред Комисијата и за законските рокови во кои таа е должна да одлучува.

Речиси сите лица кои поднеле претставка сметаат дека рокот на одлучување треба да биде пократок, додека еден испитаник се изјаснил дека не знае. Во новото законско решение рокот за одлучување на Комисијата е намален на 60 дена. Останува да се види каква ќе биде имплементацијата во практиката и дали ќе се преземат други неопходни мерки во постапувањето на КСЗД, со кои ќе се унапреди нејзината ефективност и ефикасност.

**Табела 4: Дали Комисијата утврдила постоење на дискриминација?**

| Дали во вашиот случај Комисијата утврди постоење на дискриминација? | Вкупно |
|---|---|
| Да | 1 |
| Не | 5 |
| Сѐ уште немам одговор | 3 |
| ВКУПНО | 9 |

Само во еден случај во кој била поднесена претставка, Комисијата утврдила постоење на дискриминација. Од другите осум случаи, во пет случаи Комисијата утврдила дека не постои дискриминација, додека во три случаи сѐ уште не е донесено мислење (види табела 4).

**Табела 5: Исход од постапката пред Комисијата**

| Каков бил исходот од постапката пред КСЗД? | Вкупно |
|---|---|
| Мислење дека има дискриминација со препорака | 1 |
| Мислење дека нема дискриминација | 4 |
| Неповедување постапка | 1 |
| Сѐ уште нема одговор | 3 |

Случајот во кој Комисијата утврдила постоење на дискриминација е по претставка поднесена од претставник на ЛГБТ-заедницата.

Поголемиот дел од претставниците на ранливите групи граѓани кои поднеле претставки за заштита од дискриминација не се задоволни од начинот на постапувањето по нивните претставки од страна на Комисијата. Пет лица се изјасниле дека воопшто не се задоволни од начинот на кој Комисијата постапувала во нивниот случај, а 2 се делумно незадоволни.

**Табела 6: Дали се задоволни од начинот на постапување на Комисијата?**

| Дали сте задоволни од начинот на кој КСЗД постапувала во вашиот случај? | Вкупно |
|---|---|
| Воопшто не сум задоволен | 5 |
| Делумно сум незадоволен | 2 |
| Неутрално мислење | 1 |
| Делумно сум задоволен | 0 |
| Многу сум задоволен | 1 |
| ВКУПНО | 9 |

***(* од 1 до 5: 1 воопшто не сум задоволен, 5 многу сум задоволен)***

Наспроти нив, само едно лице со хендикеп било многу задоволно од начинот на постапување на Комисијата во неговиот случај, иако станува збор за случај каде што Комисијата утврдила дека нема да се поведе постапка. Сепак, неговото задоволство од начинот на постапување на Комисијата може да се должи на тоа што ова е единственото лице кое го надминало проблемот со дискриминацијата.

**Табела 7: Дали го надминале проблемот со дискриминацијата?**

| Дали го надминавте проблемот со дискриминацијата благодарение на постапката што сте ја воделе пред КСЗД? | Вкупно |
|---|---|
| Да | 1 |
| Не | 8 |
| ВКУПНО | 9 |

Другите осум лица кои поднеле претставка за заштита од дискриминација не го надминале проблемот со дискриминацијата благодарение на постапката што ја воделе пред Комисијата. Лицето во чиј случај Комисијата донела мислење со препорака дека има дискриминација истакнало дека, иако добило оштета, тешко успева да ја надмине дискриминацијата.

Оваа анализа ги рефлектира не само актуелните состојби, туку и ставовите, мислењата и предлозите на ранливите групи граѓани за тоа како да се надминат истите. Во оваа насока, претставниците на ранливите групи имаа можност да дадат свое мислење/ предлози за подобрување на постапувањето на Комисијата по поднесените претставки за заштита од дискриминација[13].

**Табела 8: Предлози за унапредување на работата на КСЗД**

| Предлози за подобрување | Вкупно |
|---|---|
| Пократок рок за одлучување | 6 |
| Избор на членови со долгогодишно искуство | 8 |
| Вработување професионална и компетентна стручна служба | 4 |
| Намалување на политичкото влијание врз работата | 4 |

Притоа, претставниците на ранливите групи кои имаа поднесено претставки до Комисијата ги наведоа следниве предлози за подобрување на работата на Комисијата:
1) скратување на рокот за одлучување по претставките – 6 испитаници;
2) избор на членови со долгогодишно искуство и работа на полето на спречување и заштита од дискриминација – 8 испитаници;
3) вработување професионална и компетентна стручна служба – 4 испитаници, и
4) намалување на политичкото влијание врз работата на КСЗД – 4 испитаници.

Од овие податоци може да се заклучи дека според мислењето на Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат droги, ЛГБТ-лицата и луѓето со попреченост кои поднеле претставки до КЗД, сите четири понудени решенија се релевантни и потребни, но најбитно е како членови на КСЗД да се изберат личности кои имаат долгогодишно искуство и работа на полето на спречување и заштита од дискриминација. Ранливите групи кои се директно изложени на дискриминација и кои се соочуваат со бројни потешкотии во заштитата на нивните права, сосема правилно го лоцираат клучниот фактор што може да придонесе за подобрување на ефикасноста во работата - докажано искуство и професионализација на составот на КЗСД, решение што е вградено во новиот ЗСЗД.



[13] На испитаниците им беа понудени четири одговори, со можност да изберат повеќе опции.

Покрај тоа, тројца испитаници дадоа дополнителни предлози за подобрување на постапувањето по претставките од страна на КЗСД. Тие вклучуваат поголема верба во исказот на жртвите, посветеност на членовите на КЗСД, фокус на дискриминацијата во областа на работните односи и превенција од дискриминација.

**б) Ставови за транспарентноста и отчетноста во работата на Комисијата**

Од вкупно 150 претставници на ранливите групи, многу мал процент испитаници (6 %), односно само девет испитаници, имаат позитивен став и сметаат дека КЗД е отворена и транспарентна во својата работа, а 17 % делумно се согласуваат со овој став. 30 % сметаат дека КЗД не е отворена и транспарентна во својата работа. Од друга страна, 47 % или речиси половина од нив се изјасниле дека не знаат, односно дека немаат став, што е комплементарно на податокот дека половина од претставниците на маргинализираните заедници не се запознаени со улогата и со надлежностите на Комисијата (види графикон 38).

**Графикон 38: Дали сметаат дека Комисијата е транспарентна и отчетна во работењето?**



Како добри примери за транспарентност на КЗД, 4 лица ги посочиле: отвореноста и достапноста на годишниот и на финансискиот извештај на Комисијата до граѓаните; претставката за Никола Груевски, по која Комисијата одговорила брзо, јавно и транспарентно, што не било случај со другите предмети; претставките за доктори и претставката за учебникот по педагогија. Наспроти тоа, 13 лица како лоши пример за транспарентност на Комисијата ги посочиле: случајот со Никола Груевски; начинот на избор на членовите на Комисијата; непознавањето на улогата и на работата на Комисијата, особено меѓу лицата со низок степен на образование; тоа што еден од членовите на Комисијата зборувал на телевизија за случај на една испитаничка; фактот дека на јавноста не ѝ се познати постапките за заштита; не може да даде пример, бидејќи не направиле ништо; нема функционална интернет-страница; не препознала очигледен случај на дискриминација во учебник; првпат слушнал за Комисијата. Горенаведените податоци укажуваат на тоа дека Комисијата нема изградено јасна слика за својата улога и надлежности меѓу Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТ-лицата и луѓето со попреченост, како една од клучните институции на која тие можат да се обратат за заштита од дискриминација.

**Графикон 39: Дали се задоволни од претставеноста на Комисијата во медиумите?**




***(1=воопшто не сум задоволен, 2=делумно не сум задоволен, 3=неутрално мислење, 4=делумно сум задоволен, 5=многу сум задоволен)***

Во голем процент (72 %) припадниците на ранливите групи граѓани кои се често жртви на дискриминација се изјасниле дека воопшто не се задоволни од начинот на кој Комисијата е претставена во медиумите, наспроти само 3 испитаници кои се многу задоволни.

**Графикон 40: Дали се задоволни од начинот на информирање на јавноста од страна на Комисијата?**




***(1=воопшто не сум задоволен, 2=делумно не сум задоволен, 3=неутрално мислење, 4=делумно сум задоволен, 5=многу сум задоволен)***

Исто така, висок процент (75 %) од маргинализраните заедници воопшто не се задоволни од начинот на кој Комисијата ги информира граѓаните и јавноста, додека 14 % се делумно незадоволни. Наспроти тоа, многу низок процент испитаници се изјасниле дека се многу задоволни и делумно задоволни (вкупно 6 %).

**Графикон 41: Дали се запознаени со случај во кој КСЗД ја информирала јавноста?**




Само 14 % од ранливите групи граѓани слушнале за некој случај или проблем со дискриминација за кој Комисијата јавно повикала да се спречи или да се прекине со дискриминацијата. Голем процент од луѓето не слушнале (71 %) или не знаат (15 %) за ваков случај. 19 лица ги навеле следниве случаи во кои КЗД јавно повикала да се спречи или да се прекине со дискриминацијата: случаите на дискриминација на Роми на граничен премин; ограничувањето на пристапот на Ромите во кафулињата и користењето базени од страна на Ромите; дискриминацијата врз основа на пол во огласите за вработување; практиката на ресторан во кој не бил дозволен пристап на жени со фереџе; случајот со лице кое било исфрлено од болница во Тетово; случајот со Никола Груевски и други.

Дури 87 % од претставниците на маргинализираните заедници немаат видено член на Комисијата на јавен настап (ТВ), односно како ја информира јавноста за прашања од областа на дискриминацијата, додека незначителни 8 % одговориле потврдно. Од нив, како теми на кои зборувале членовите на КЗД на јавните настапи или во медиумите ги посочиле: новиот ЗСЗД; информирањето и промовирањето на работата на Комисијата; ЛГБТ-заедницата; јавните настапи организирани во соработка со здруженијата, како што се ХЕРА, Коалицијата Маргини и Полио Плус; попреченоста, и информациите за конкретни случаи, како што е оној со Никола Груевски. Ова го потврдува заклучокот дека медиумите и медимското присуство на Комисијата е еден од најдобрите начини за унапредување на нејзината транспарентност, превенција и јакнење на свеста на јавноста и на ранливите групи за дискриминацијата и за механизмите за заштита.

**Графикон 42: Дали учествувале на настан на Комисијата?**




Фрапантен е податокот за инклузивноста и за вклученоста на ранливите групи граѓани во настаните организирани од Комисијата. Само три претставници на Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТ-лицата и луѓето со попреченост се изјасниле дека имале можност да учествуваат на вакви настани. Другите 95 % немале можност да земат учество на настан организиран од Комисијата, а четири не знаат. Настаните на кои учествувале тројца од вкупно 150 испитаници, третирале теми поврзани со попреченоста и работните односи (двајца испитаници) и презентација на годишниот извештај на Комисијата (еден испитаник). Овие податоци покажуваат дека е повеќе од потребно во настаните на новиот состав на КСЗД да бидат активно вклучени и ранливите групи граѓани, кои на тој начин ќе се информираат и ќе стекнат сознанија за улогата на КСЗД, начинот, постапката и условите за заштита од дискриминација, ќе стекнат доверба во институционалниот систем за заштита и ќе се охрабрат да поднесуваат претставки до КСЗД и до другите надлежни институции.

**Графикон 43: Дали се запознаени со интернет-страницата на КСЗД?**




Податокот дека висок процент претставници на ранливите групи (80 %) не се запознаени со постоењето на интернет-страницата на Комисијата не оди во прилог на транспаретноста и отвореноста на Комисијата. Само 20 % од лицата се запознати со постоењето на интернет-страницата на Комисијата. Од оние кои се запознати со интернет-страницата, речиси половина (или 47 %) воопшто не ја посетиле интернет-страницата на Комисијата. Од оние кои ја посетиле, потребните информации ги добиле само 4 лица, додека 12 не ги добиле потребните информации.

Во насока на поголема транспарентност во работата на новиот состав на КСЗД, припадниците на маргинализираните групи дадоа свои конкретни видувања и предлози за тоа како да подобри интернет-страницата на новиот состав на КСЗД. Така, 13 лица сметаат дека се потребни повеќе информации за работата на Комисијата, 11 лица се изјаснија дека е потребно таа да има практични алатки, примероци од претставки со различни основи за дискриминација, 8 лица сметаат дека интернет-страницата треба да овозможи интеракција со членовите или со стручната служба на КСЗД. Четири лица дадоа дополнителни предлози за подобрување на интернет-страницата на КСЗД, кои вклучуваат: јавност и транспарентност во постапувањето по случаите; пристапност; да нуди едукативни содржини; ресурси за активности, кампањи, рекламен материјал и подетални информации за тоа како се пријавува дискриминација. Се препорачува овие предлози да се земат предвид од страна на новиот состав на КСЗД.

**Табела 9: Предлози за унапредување на транспарентноста и отчетноста на КСЗД**

| Предлози за подобрување | Вкупно |
|---|---|
| Повеќе информации за работата на КСЗД | 13 |
| Да има практични алатки, примероци од претставки | 11 |
| Да има интеракција со членовите на КСЗД | 4 |
| Други предлози | 4 |

Ниту еден од испитаниците нема сознанија за годишниот буџет на КСЗД, иако ова прашање е исклучително важно за отчетноста на нејзината работа.

39 % од ранливите групи граѓани сметаат дека седниците на КСЗД треба да бидат јавни, со почитување на законските одредби за заштита на личните податоци, 40 % од лицата се изјасниле дека не знаат, додека 19,33 % од испитаниците воопшто не се произнеле по ова прашање. Само 2 % сметаат дека седниците на КСЗД не треба да бидат јавни. Овие податоци покажуваат дека припадниците на ранливите групи граѓани ги препознаваат, иако во ограничена мера, предностите од отвореноста и присуството на јавноста на седниците на КСЗД.

Припадниците на ранливите групи граѓани дадоа и други конкретни предлози за подобрување на транспарентноста во работата на новиот состав на КСЗД. Од одговорите произлегува дека 32 % од испитаниците сметаат дека треба редовно да се објавуваат извештаи за нејзината работа, 37 % се изјасниле дека е потребно информирање на јавноста за идентификуваните дискриминаторски закони, политики и практики, а 23 % од испитаниците сметаат дека транспарентноста ќе се подобри преку јавноста на седниците на КСЗД (види графикон 44).

**Графикон 44: Предлози за унапредување на работата на КСЗД**




Петнаесет лица од редот на маргинализираните групи дадоа дополнителни коментари и предлози за подобрување на транспарентноста во работата на новиот состав на КСЗД, и тоа: поставување штандови во јавни простории; информирање преку интернет и преку социјалните мрежи; поголема видливост во социјалните мрежи, и кампањи на социјалните медиуми. Се препорачува КСЗД да биде проактивна, да комуницира со заедниците кои се дискриминирани и да соработува со граѓанскиот сектор, со цел да се добијат повеќе случаи и да се добијат непосредни информации од терен. Ромите, сексуалните работници/чки, луѓето кои употребуваат дроги, ЛГБТ-лицата и луѓето со попреченост препорачуваат новата КСЗД да изготви е-маил листа на ЛГБТ, да подготвува кратки извештаи, писма, да доставува повратни информации за разрешницата на случаите, како и за тоа дали дискриминаторите постапиле по препораките за отстранување на дискриминацијата, гостувања во телевизиски емисии, промовирање на интернет и на социјалните мрежи, директна комуникација со граѓаните, објавување информации за КСЗД во повеќе медиуми, посебни емисии и јавни дебати за еднаквост и недискриминација, поголемо вклучување во постапувањето на граѓанските организации, промоција преку социјалните медиуми, рекламирање, детални и опширни извештаи за она што е постигнато и направено, повеќе трибини, јавни настапи и друго.

# СПЕЦИФИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РАЗЛИЧНИТЕ РАНЛИВИ ГРУПИ ГРАЃАНИ

Во првиот дел од анализата се претставени збирни податоци добиени од одговорите на сите интервјуирани маргинализирани групи, додека во овој дел се претставени карактеристичните потреби на различните ранливи групи граѓани.

**Лица со хендикеп**

Анализата покажува дека лицата со хендикеп имаат недоволно познавањата и малку лични искуства со КЗД. Најчести основи за дискриминација на оваа заедница се попреченоста, здравствената состојба и националната или етничката припадност, а области на дискриминација се социјалната и здравствената заштита, работните односи, пристапот до добра и услуги, како и образованието, науката и спортот.
Најголем дел од луѓето со хендикеп (70 %) дискриминацијата ја препознаваат како нееднаков третман, додека 33 % ја дефинираат како ограничување на правата и оневозможување на пристапот до добра и услуги (30 %).
Во однос на уживањето еднаков третман во општеството, само 17 % од луѓето со хендикеп сметаат дека уживаат еднаков третман во општеството; 30 % сметаат дека немаат еднаков третман, а 53 % сметаат дека делумно имаат еднаков третман во општеството. Следствено на ова, дури 73 % од луѓето со хендикеп сметаат дека се дискриминирани во нашето општество, наспроти 27 % кои сметаат дека не се дискриминирани.
Најчеста основа за дискриминација била попреченоста, со која се соочиле 57 % од луѓето со хендикеп, по што следуваат здравствената состојба (30 %) и националната или етничката припадност (20 %). Секое трето лице со хендикеп (33 %) се соочило со дискриминација во областа на работните односи и социјалната и здравствената заштита,  додека 20 % од нив се соочиле со дискриминација во пристапот до добра и услуги. Дискриминацијата најчесто била извршена од страна на државните органи (47 % или 14 испитаници), од ЕЛС (27 %  или 8 испитаници) и од физички лица (27 % или 8 испитаници).

Во однос на запознаеноста со постоењето на посебен Закон за спречување и заштита од дискриминација, 60 % од нив се запознаени, додека 40 % воопшто не се запознаени со постоењето на Законот. Следствено на ова, луѓето со хендикеп имаат потреба од подобро запознавање со улогата и со надлежностите на КСЗД, наспроти другите механизми за заштита од дискриминација (Народниот правобранител и судовите), за кои се изјаснија дека ги познаваат. Само 37 % од луѓето со хендикеп се запознаени со КСЗД, наспроти 60 % кои се запознаени со судовите или 57 % кои се запознаени со Народниот правобранител. Некои од испитаниците истакнаа дека воопшто не се запознаени со постоењето на оваа институција и дека не знаат каква е нејзината функција. Во прилог на ова говори и податокот дека само едно лице поднело претставка до КЗД, по која не била поведена постапка.

Перцепциите за транспарентноста и отчетноста на Комисијата не се на задоволително ниво, со оглед на тоа дека само 10 % од припадниците на оваа заедница сметаат дека Комисијата е транспарентна и отчетна во својата работа, 47 % сметаат дека Комисијата е делумно отчетна, додека 43 % сметаат дека Комисијата не е транспарентна и отчетна. Повеќе од половина (53 %) од луѓето со хендикеп се запознаени со постоењето на интернет-страница на Комисијата. Меѓутоа, дури 83 % од оние кои ја посетиле интернет-страницата не ги нашле потребните информации. Нема изедначен став во однос на потребата за присуство на јавноста на седниците на Комисијата, со оглед на тоа дека само 23 % од лицата со хендикеп сметаат дека јавноста треба да присуствува на седниците, додека голем процент лица (73 %) изјавиле дека не знаат дали јавноста треба да биде присутна при разгледувањето и одлучувањето на Комисијата.

Лицата со хендикеп ја нагласија потребата од повеќе информации и поголемо присуство на КСЗД во медиумите, дневните вести и во пишаните медиуми, бидејќи сите лица со хендикеп немаат пристап до интернет и не знаат да ја користат оваа алатка.

Неопходно е зајакнување на капацитетите на лицата со хендикеп и на нивните претставнички организации за застапување и вклучување во донесувањето на политиките што ги засегаат лицата со хендикеп, особено за дискриминацијата врз основа на хендикеп.
Потребно е усогласување на законската регулатива, согласно Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, која е ратификувана од страна на нашата земја и според која концептот на инклузивна еднаквост и недискриминација е поставен како принцип и како право.
Лицата со хендикеп секојдневно се соочуваат со непристапна инфраструктура и објекти, но и со бариери при остварувањето на своите права и добивањето одредени услуги од страна на институциите. Просториите на КСЗД се непристапни и недостапни за лицата со хендикеп. Исто така, информациите во нашата земја не се даваат во формат што е достапен за лицата со хендикеп. Веб-страниците на институциите, медиумите, а во случајов и на КСЗД, не се достапни за лицата со сензорен и интелектуален хендикеп.

Нашата држава е должна да обезбеди пристапност – како физичка, така и пристап до информациите за лицата со хендикеп (согласно член 9 од КПЛХ). Знаковниот јазик, Браевото писмо и лесно разбирливите формати се лимитирани и недоволно промовирани. КСЗД мора да биде достапна за лицата со хендикеп.

**Ромска заедница**

За ромската заедница е карактеристично непрепознавањето и непријавувањето на дискриминацијата. Според нивните изјави, најчеста основа за дискриминација на Ромите е националната или етничката припадност и припадноста на маргинализирана група, додека области на дискриминација се социјалната и здравствената заштита, образованието, науката и спортот, како и пристапот до добра и услуги.

Најголем дел од Ромите (73 %) дискриминацијата ја препознаваат како нееднаков третман, додека 37 % ја дефинираат како ограничување на правата и оневозможување на пристапот до добра и услуги (23 %).

40 % од Ромите сметаат дека имаат еднаков третман во општеството, наспроти 37 % кои сметаат дека немаат еднаков третман, односно дека делумно уживаат еднаков третман во нашето општество (23 %). Следствено на ова, повеќе од половина од испитаниците (53 %) сметаат дека не биле жртви на дискриминација, наспроти 47 % кои сметаат дека биле дискриминирани.

Најчесто, основа за дискриминација била националната или етничката припадност (40 %), бојата на кожата (20 %) и припадноста на маргинализирана група (17 %). Ромите најчесто се соочиле со дискриминација во областа на социјалната и здравствената заштита (27 %), како и во пристапот до добра и услуги (13 %) и до образование, наука и спорт (13 %). Дискриминацијата најчесто била извршена од страна на физички лица (27 %), правни лица со јавни овластувања (17 %) и од државните органи (13 %).

60 % од Ромите не се запознаени со постоењето на посебен закон, додека 40 % од нив изјавиле дека се запознаени со постоењето на нов Закон за спречување и заштита од дискриминација. Ромите се изјаснија дека се запознаени со улогата и со надлежностите на КСЗД (43 %), наспроти другите механизми за заштита од дискриминација (Народниот правобранител и судовите), кои воопшто не ги познаваат. Исто така, речиси половина (47 %) од Ромите изјавиле дека за заштита од дискриминација можат да се обратат во граѓанските организации. Сепак, само едно лице од 30 интервјуирани припадници на ромската заедница поднело претставка до КЗД, за која сè уште нема одговор. Ранливата и маргинализираната положба на ромската заедница укажува на тоа дека треба многу повеќе да се работи на терен, во насока на подигање на свеста за тоа што претставува дискриминацијата и кои се можностите за заштита.

Во однос на перцепциите на Ромите за транспарентноста и отчетноста на Комисијата, само 17 % од нив сметаат дека Комисијата е транспаретна и отчетна за својата работа, додека две лица навеле дека е делумно транспарентна. Наспроти нив, дури 67 % од Ромите немаат став за ова прашање, додека 10 % сметаат дека Комисијата не е транспарентна и отчетна во работењето. Од особено значење е да се нагласи дека Ромите воопшто не се запознаени со постоењето на интернет-страницата на Комисијата. На прашањето за потребата од присуство на јавноста на седниците на Комисијата, дури 63 % од Ромите сметаат дека седниците треба да бидат јавни, додека 37 % од нив немаат став за ова прашање.  Поголемиот процент Роми (77 %) сметаат дека Комисијата треба повеќе да ја информира јавноста за дискриминаторните закони, политики и практики, додека речиси половина од нив сметаат дека Комисијата треба редовно да објавува извештаи за својата работа.

**Лица  кои употребуваат droги**

Во овој дел од анализата ќе се презентираат знаењата, искуствата и потребите на луѓето кои употребуваат дроги, преку анализа на нивните одговори дадени на прашањата од оваа анализа. Приближно сите испитаници (96,6 %) одговориле дека дискриминацијата претставува нееднаков третман, а дел од испитаниците сметаат дека дискриминацијата е и ограничување на правата (46,6 %) и оневозможување на пристапот до добра и услуги (43,3 %).

Најголем дел од луѓето кои употребуваат дроги (90 %) сметаат дека не уживаат еднаков третман, додека само две лица сметаат дека делумно уживаат еднаков третман со другите граѓани. Само едно лице од луѓето кои употребуваат дроги смета дека е третирано еднакво со другите. Овие податоци кореспондираат со високиот процент на искуство со дискриминација, за што 93,3 % од испитаниците одговориле дека биле дискриминирани.

Сериозен факт е дека 70 % од испитаниците не знаат дека постои посебен Закон за спречување и заштита од дискриминација, а половина од нив (53,3 %) се запознаени со надлежностите на КЗД и на КСЗД, додека 30 % се делумно запознаени со работата на КСЗД.
Како што е наведено погоре во анализата, употребата на дроги е силен извор на стигма и дискриминација, а луѓето кои употребуваат дрога или се лекуваат од опијатна зависност со т.н. супституциона терапија, се соочуваат со здравствен проблем што бара третман и поддршка. Токму затоа, 50 % од испитаниците одговориле дека, меѓу другите основи, имале искуство на дискриминација врз основа на здравствениот статус. Споредбата со здравствениот статус кај вкупниот број испитаници, кој изнесува 16,6 %, јасно покажува дека луѓето кои употребуваат дроги несразмерно почесто се жртви на дискриминација по оваа основа во однос на другите маргинализирани заедници. Слично како и кај вкупниот број испитаници, припадноста на маргинализираната група е најчеста основа за која луѓето кои употребуваат дроги пријавуваат искуство со дискриминација.

Така, 93,3 % од нив се соочиле со дискриминација по оваа основа, што укажува на тоа дека причина за дискриминација не е секогаш здравствената состојба на луѓето, туку нивната положба во општеството, неприфаќањето од страна на општеството, третманот од страна на полицијата како да се криминалци, перцепцијата дека употребата на droги е кривично дело и сл. Само две лица одговориле дека имале искуство со дискриминација врз основа на полот, а едно лице со дискриминација врз основа на родот. Од податоците не е јасно дали во овие случаи на дискриминација имало интерсекција на повеќе основи (на пример, припадност на маргинализирана група, здравствен статус или др.), имајќи предвид дека се дозволени повеќе одговори на ова прашање.

Социјалната и здравствената заштита е област во која луѓето кои употребуваат дроги најчесто се соочуваат со дискриминација (70 %). По 20 % од испитаниците одговориле дека се соочиле со дискриминација во областа на работните односи и правосудството и управните органи. Другите испитаници кои употребуваат дроги изјавиле дека се соочиле со дискриминација во пристапот до добра и услуги (2); образование, наука и спорт (3), а еден испитаник со дискриминација во однос на правото на членување во политичка партија. Последниот податок се совпаѓа со податокот дека едно лице било дискриминирано врз основа на политичкото убедување.

Повеќе извори потврдуваат дека луѓето кои употребуваат дроги се жртви на системска дискриминација, што се потврдува и со податоците од оваа анализа, што всушност претставува најголема пречка за пријавување на случаите на дискриминација, поради страв од виктимизација и полош третман по пријавувањето. Имено, 83,3 % од испитаниците имале искуство со дискриминација од страна на државен орган, едно лице со дискриминација од страна на единица на локалната самоуправа, додека две лица изјавиле дека имале искуство со дискриминација извршена од страна на физичко лице.

Наспроти високиот процент на искуство со дискриминација од страна на луѓето кои употребуваат дроги, тие немаат доволно знаење за достапните механизми за заштита од дискриминација. Речиси сите испитаници во интервјуата (93,3 %) одговориле дека во случај на дискриминација граѓаните можат да побараат заштита од граѓанските организации, а дел од нив дополнително одговориле дека заштита може да се побара и од Народниот правобранител (40 %), 13,3 % во КЗСД и 6,6 % во судот.

Во однос на личното искуство на луѓето кои употребуваат droги во постапките за заштита од дискриминација, претставка поднеле само две лица. И во двата случаја не е утврдено дека постои дискриминација. Испитаниците кои поднеле претставки не се задоволни од исходот, бидејќи во еден од случаите е донесено мислење дека не постои дискриминација, додека во другиот случај не е поведена постапка, со што не успеале да добијат заштита и да го надминат проблемот со кој се соочиле.

Како резултат на ваквата состојба, луѓето кои употребуваат дроги сметаат дека за да се подобри заштитата од дискриминација потребно е да се скратат роковите за одлучување и да се изберат членови на КСЗД кои имаат долгогодишно искуство во областа. Последново е особено важно во периодот на финализирање на оваа анализа, кога тече огласот за избор на членови на КСЗД и кога е потребно да се мобилизираат и да се мотивираат потенцијални членови кои ќе ги исполнуваат условите на ЗСЗД - најмалку седум години искуство во областа на човековите права, од кои најмалку пет во областа на дискриминацијата.

Сознанието дека постои законска и институционална можност за заштита од дискриминација и мотивираноста на луѓето кои употребуваат дроги да ги пријават случаите на дискриминација е клучно за да се подобри состојбата со дискриминацијата на маргинализираните заедници. Доследното спроведување на законските надлежности и проактивноста на механизмите за заштита од дискриминација, особено на КСЗД, се важни за информирање на граѓаните да се воздржат од дискриминаторско однесување, да знаат да препознаат дискриминација и да дејствуваат во случај на дискриминација.

Податоците посветени на транспарентноста и отчетноста на КЗД покажуваат дека 66,6 % од испитаниците сметаат е дека КЗД не е транспарентна и отчетна, а 33,3 % немаат став околу ова прашање. Овие одговори не се изненадување, имајќи предвид дека високи 93,3 % изјавиле дека не знаат дека постои интернет-страница на КЗД и КСЗД, а ниту еден од луѓето кои употребуваат дроги не ја посетил страницата на КЗД. Иако никој од оваа група испитаници не ја посетил интернет-страницата на КЗД, испитаниците предложиле мерки за подобрување на нејзиното функционирање, односно „да има практични алатки, примероци од претставки за различни основи за дискриминација“ и „да има можност за интеракција со членовите на КСЗД“.

Кај испитаниците отсуствува став и за тоа дали седниците на КСЗД треба да бидат јавни, па само две лица одговориле дека треба да бидат јавни, а другите одговориле дека не знаат. Сепак, испитаниците дале предлози за подобрување на транспарентноста и отчетноста на КСЗД преку „редовно објавување на извештаите за својата работа“; „информирање на јавноста за дискриминаторските закони, политики и практики“ и „јавност на седниците на КСЗД“.

**Сексуални работници/чки**

Сексуалните работници и нивните знаења, перцепции и искуства со дискриминацијата се предмет на интерес на оваа анализа. Наспроти збирните податоци презентирани погоре, овој дел се фокусира на анализа на одговорите на испитаниците кои се идентификуваат како сексуални работници.

Слично како и кај другите заедници, речиси сите сексуални работници дискриминацијата ја дефинираат како нееднаков третман (93,3 %); како ограничување на правата (26,6 %) и оневозможување на пристапот до добра и услуги (16,6 %).

Споредено со луѓето кои употребуваат droги, помал е процентот на сексуални работници кои сметаат дека не уживаат еднаков третман (83 %), додека 10 % сметаат дека делумно уживаат еднаков третман со другите граѓани. Само две лица сметаат дека не се третирани еднакво со другите. Овие податоци кореспондираат со високиот процент лица (80 %) кои биле дискриминирани или имаат искуство со дискриминацијата.

Само 16,6 % од испитаниците кои се сексуални работници знаат дека постои посебен закон за спречување и заштита од дискриминација, а само еден претставник на сексуалните работници знае кои се надлежностите на КСЗД.

Во однос на личното искуство со дискриминацијата на сексуалните работници, 80 % од оние кои одговориле дека биле дискриминирани изјавиле дека биле дискриминирани врз основа на припадноста на маргинализирана група. За лица заштитени со оваа основа можат да се сметаат лицата за кои постои поголема веројатност да бидат дискриминирани по различни основи.[14] Сексуалните работници често се жртва на интерсекциска дискирминација[15] поради нивниот род, социјален статус, професијата што ја работат, а неретко како дополнителна причина за дискриминација се јавуваат и етничката припадност и/или сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Ова се потврдува со податокот добиен од анализата, според која сексуалната ориентација е втора најчеста основа по која биле дискриминирани 16,6 % од испитаните сексуални работници, 13,3 % од сексуалните работници биле дискриминирани врз основа на националната или етничката припадност, а еден од нив врз основа на родовиот идентитет. Еден сексуален работник изјавил дека доживеал дискриминација врз основа на семејната и брачната состојба.

[14] Најчевска М. и Кадриу Б., Поимник на изрази поврзани со дискриминацијата. ОБСЕ и МЦМС: Скопје, 2008. стр.61
[15] Димитриевски В., Тошева М., Бошкова Н.,Анализа на потребите за промена на законската регулатива за сексуална работа во Република Македонија, Потреби и предизвици, ХОПС Опции за здрав живот Скопје, 2016.

Во однос на областите во кои испитаниците кои се сексуални работници најчесто биле жртви на дискриминација, најголем дел изјавиле дека тоа се случило во областа на правосудството и управните органи (43,3 %), наспроти областа социјална заштита која доминира збирно кај сите заедници и кај луѓето кои употребуваат дроги. Во истражувањето спроведено во 2018 година за правните потреби и пристапот на сексуалните работници до правдата, 58 % од сексуалните работници изјавиле дека во последните три години се соочиле со правен проблем во правосудството.[16] Податоците јасно покажуваат дека сексуалните работници имаат ограничен пристап до правдата при остварувањето на нивните права пред институциите кои се надлежни да ги штитат правата на граѓаните. 20 % од испитаните сексуални работници одговориле дека искусиле дискриминација во пристапот до добра и услуги; во областа на социјалната и здравствената заштита (3); во областа на работните односи (3), и еден во областа на јавното информирање и медиумите. Во текот на 2017 година Коалицијата Маргини спроведе истражување меѓу припадниците на заедницата на сексуалните работници, со цел да се соберат подетални информации за нивните проблеми и приоритети, и тие даваат најниска оценка за системот на социјалната заштита, оценувајќи го со збирна оценка 2,12 (на скала од 1 до 5, при што вредноста 1 претставува најнегативен став, додека вредноста 5 го изразува најпозитивниот став).[17]

Сексуалните работници, слично како и луѓето кои употребуваат дроги, се жртви на системска дискриминација, што се потврдува и со податоците собрани преку интервјуата. Дури 73,3 % од сексуалните работници изјавиле дека биле дискриминирани од страна на државните органи, додека 40 % изјавиле дека биле жртви и на дискриминација од страна на физички лица.

Податоците покажуваат дека сексуалните работници ја препознаваат дискриминацијата, имајќи предвид дека 80 % од интервјуираните изјавиле дека биле жртва на дискриминација. Сепак, отсуствува знаење за можностите за пријавување на случаите на дискриминација до надлежните институции. Најголем дел од интервјуираните сексуални работници (86,6 %) изјавиле дека граѓанските организации се адресата на која граѓаните можат да се обратат за заштита од дискриминација. При интерпретацијата на овие податоци, треба да се има предвид фактот дека граѓанските организации често посредуваат или ги упатуваат маргинализираните заедници до надлежните институции каде што можат да добијат заштитата, како на пример, Народниот правобранител, судот, КСЗД, полицијата и другите институции. Четири лица одговориле дека Народниот правобранител е надлежен за заштита од дискриминација, а три лица одговориле дека тоа е КСЗД.

[16] Цековски И., Димитриевски В., Правни потреби и пристап до правда на луѓето кои употребуваат дроги и на сексуалните работници во Република Македонија, 2018, стр.40.
[17] Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, МАРГИНИ Скопје, Годишен извештај 2017, Скопје 2018, стр. 80.

Најголем дел од интервјуираните сексуални работници изјавиле дека биле жртва на дискриминација од страна на државен орган, а имајќи предвид дека Народниот правобранител има лимитирана надлежност да постапува само во случаи кога повредата е извршена од страна на државен орган, може да се извлече заклучок дека тоа е една од причините зошто Народниот правобранител е почесто препознаен како механизам за заштита од дискриминација. Само еден од испитаните сексуални работници одговорил дека судот е надлежен механизам за заштита од дискриминација.

Според податоците, дел од интервјуираните сексуалните работници ги знаат достапните механизми за заштита од дискриминација, а оние кои се обратиле во граѓанските организации веројатно добиле информација за нивното право да поведат постапка за заштита од дискриминација. Сепак, ниту еден сексуален работник/чка не поднел/а претставка за заштита од дискриминација, и покрај фактот дека 80 % од нив биле жртви на дискриминација.

Податоците добиени до оваа анализа кореспондираат со резултатите од истражувањето за правните потреби и пристапот до правда на сексуалните работници од 2018 година. Една третина од сексуалните работници не преземаат ништо за решавање на правните проблеми. Значително послаба проактивност во решавањето на правните проблеми се забележува кај сексуалните работници Роми, кај оние со понизок степен на образование, како и кај сексуалните работници мажи. Слично како и во групата луѓе кои инјектираат дроги, неактивноста најчесто се должи на изгубената надеж дека кој и да е може да им помогне во решавањето на проблемите поврзани со недовербата во правосудниот систем и со слабата економска моќ.[18]

Податоците посветени на транспарентноста и отчетноста на КЗД покажуваат дека ниту еден од испитаните сексуални работници не смета дека КСЗД е транспарентна и отчетна, а само 6,6 % сметаат дека е делумно транспарентна и отчетна. Слично како и кај луѓето кои употребуваат дроги, овие одговори не изненадуваат, имајќи предвид дека 90 % изјавиле дека не знаат дека постои интернет-страница на КЗД и КСЗД, а само едно лице од интервјуираните сексуални работници ја посетило страницата на КЗД и ги добило бараните податоци. Мал дел од испитаните сексуални работници го изразиле својот став дека треба да се преземат конкретни мерки за подобрување на функционалноста на интернет-страницата на КЗД и КСЗД и тоа „да има повеќе информации за работата на КСЗД“ и „да има практични алатки и примероци од претставки за различни основи на дискриминација".



[18] Цековски И., Димитриевски В., Правни потреби и пристап до правда на луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници во Република Македонија, 2018, стр.14.

Исто како и кај луѓето кои употребуваат droги, и кај испитаните сексуални работници отсуствува став за тоа дали седниците на КСЗД треба да бидат јавни: две лица одговориле дека треба да бидат јавни, а другите одговориле дека не знаат. Сепак, испитаниците дале предлози за подобрување на транспарентноста и отчетноста на КСЗД преку „редовно објавување на извештаите за својата работа“ (1), „информирање на јавноста за дискриминаторските закони, политики и практики“ (2) и „јавност на седниците на КСЗД“ (2).

**ЛГБТ-лицата**

Лезбијките, геј-мажите, бисексуалците и транс-луѓето покажуваат познавање за елементите на дискриминацијата, па 90 % одговориле дека дискриминацијата претставува нееднаков третман и ограничување на правата, а 73 % додале дека дискриминацијата е и оневозможување на пристапот до добра и услуги. Слично како и кај другите заедници, 76,6 % од испитаните ЛГБТ-лица сметаат дека не уживаат еднаков третман, а 16,6 % дека делумно уживаат еднаков третман. Овие податоци кореспондираат со искуствата со дискриминацијата што ги имале ЛГБТ-лицата. Имено, 96,6 % од испитаните одговориле дека биле дискриминирани, а 76,6 % од нив дека биле дискриминирани врз основа на сексуалната ориентација. Според едно регионално истражување на Светска банка од 2018 година, во кое беше опфатена и Република Македонија, перцепцијата за дискриминација на ЛГБТ-лицата во нашата држава изнесува 94 %. Споредено со другите заедници кои се предмет на интерес во оваа анализа, ЛГБТ-лицата покажуваат подобра информираност за постоењето на посебен Закон за спречување и заштита од дискриминација, односно 70 % од испитаниците одговориле дека знаат за ЗСЗД, 46,6 % од нив се запознаени со надлежностите на КЗД и КСЗД, додека 30 % се делумно запознаени со работата на КЗД. При интерпретацијата на овие податоци треба да се има предвид фактот дека подготовката и носењето на двата ЗСЗД (од 2010 и од 2019 година) беше проследено со хомофобични и трансфобични изјави на пратеници, околу кои се водеа дискусии и по кои следуваа реакции, што сигурно влијае и врз нивото на информираност на најзасегнатите за самиот закон.

Податоците од истражувањето покажуваат дека ЛГБТ-лицата се дискриминирани повеќекратно и по повеќе основи во однос на другите заедниците кои се предмет на оваа анализа. Покрај сексуалната ориентација, 33,3 % од испитаниците одговориле дека биле жртва на дискриминација врз основа на родот, 30 % врз основа на родовиот идентитет и 30 % врз основа на политичкото убедување. Сите лица кои биле дискриминирани врз основа на родот се од женски пол и речиси сите се од женски род, со исклучок на едно лице од машки род. Овој податок укажува на тоа дека жените лезбијки и жените бисексуалци повеќе се соочуваат со дискриминација врз основа на родот, споредбено со сексуалната ориентација како основа за дискриминација.

Помал број испитаници изјавиле дека биле жртва и на дискриминација врз основа на националната или етничката припадност и возраста (4), семејната или брачната состојба (3), врз основа на имотниот и општествениот статус (2) и врз основа на припадноста на маргинализирана група, здравствената состојба, полот, образованието и религијата (1).

Споредено со податоците од регионалното истражување спроведено од Светска банка во 2018 година, постои сличност во размерот на основите за дискриминација на ЛГБТ-лицата, односно најчести основи за дискриминација се сексуалната ориентација, родовиот идентитет, етничката припадност, полот и др.[19]

ЛГБТ-лицата најчесто доживуваат дискриминација на работното место, односно 66,6 % изјавиле дека биле дискриминирани на работното место, по 40 % одговориле дека биле дискриминирани во правосудството и управните органи и во пристапот до добра и услуги. Значајни 43,3 % од испитаниците одговориле дека биле дискриминирани во образованието, науката и спортот. Постојат повеќе истражувања кои потврдуваат дека ЛГБТ-младите се соочуваат со вознемирување и со силеџиство во текот на образованието.[20]

Наодите од Студијата – Однесувања поврзани со здравјето на децата на училишна возраст на 11, 13 и 15 години (HBSCM, 2018) покажуваат дека ЛГБТ-младите се и до четирипати почесто малтретирани од своите врсници во училиштата, и тоа момчињата значително повеќе од девојчињата. Тоа е тренд што расте наместо да се намалува, со тенденција на навикнување и нормирање на таквите однесувања како оправдани. 26,6 % од испитаните ЛГБТ-лица одговориле дека биле дискриминирани во областа на социјалната заштита и јавното информирање и медиумите. Дискриминацијата на ЛГБТ-лицата во медиумите неколкупати беше предмет на разгледување во КЗД, по поднесени претставки против медиумите што објавуваат дискриминаторска и вознемирувачка содржина врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет.[21]

Најголем дел од ЛГБТ-испитаниците (76,6 %) изјавиле дека биле жртва на дискриминација од физичко лице, 60 % од страна на државен орган, а само еден испитаник дека бил жртва на дискриминација од единица на локалната самоуправа.

[19] World Bank. Life on the Margins: Survey Results of the Experiences of LGBTI People in Southeastern Europe, 2018, стр. 36
[20] Бошкова Н., Анализа на механизмите за заштита од дискриминација на маргинализираните заедници на локално ниво: Општина Битола, Општина Струмица и Општина Центар, 2013. Ќостарова Унковска Л. Колку се еднакви и безбедни младите во Македонија во нивниот сексуален развој и во сексуалните искустава? Податоци од HBSCM истражување со млади на 15 години, 2016 година.
[21] Комисија за заштита од дискриминација. Мислење бр. 07-542 од 27.11.2014 година.

Податоците покажуваат дека ЛГБТ-лицата ја препознаваат дискриминацијата и се подобро запознаени со достапните механизми за заштита од дискриминација. Сепак, најголем дел од испитаниците (90 %) ги посочиле граѓанските организации како место на кое може да се бара заштита; 73,3 % ги посочиле КСЗД и Народниот правобранител, а 60 % го навеле судот како механизам за заштита од дискриминација. Иако ЛГБТ-лицата покажуваат повисок степен на информираност за постоечките механизми за заштита од дискриминација, значително помал дел (16,6 %) одговориле дека поднеле претставка за заштита од дискирминација. Од нив, кај еден испитаник КЗД утврдила дискриминација, кај двајца испитаници не утврдила дискриминација, а двајца испитаници кои поднеле претставка сѐ уште не добиле одговор.

Во однос на задоволството од исходот на постапката, на скала од 1 до 5 само еден испитаник дал оценка 3, додека другите двајца испитаници дале оценка 1. И покрај тоа што еден испитаник изјавил дека добил позитивна одлука од КЗД со која е утврдена дискриминација, правниот проблем на ова лице не е надминат. На прашањето дали благодарение на постапката што сте ја воделе пред КЗД го надминавте проблемот со дискриминацијата, ниту еден испитаник не дал потврден одговор, што води до заклучокот дека одлуката на КЗД не е ефикасна во обезбедувањето заштита од дискриминација.

Испитаниците од ЛГБТ-заедницата сметаа дека треба да се преземат дополнителни мерки за подобрување на работата на КЗД, односно КСЗД. Имено, тие предлагаат скратување на рокот за одлучување, со тоа што новиот ЗСЗД предвидува пократок рок на постапување и одлучување на КСЗД. Понатаму, 13,3 % од испитаниците предлагаат избор на членови со долгогодишно искуство и вработување професионална и компетентна стручна служба, а 10 % сметаат дека со намалување на политичкото влијание врз КСЗД ќе се подобри работата.

Дополнително, ЛГБТ-испитаниците сметаат дека треба да бидат избрани посветени членови на КСЗД, кои ќе бидат фокусирани на дискриминацијата во областа на работните односи и ќе им веруваат на жртвите кои бараат заштита од дискриминација. Претставници на граѓанските организации и претставници на ЛГБТ-заедницата треба да бидат дел од КСЗД.

Слично како и кај другите заедници, едно лице од ЛГБТ-испитаниците смета дека КЗД не е транспратентна и отчетна, додека 30 % немаат став во врска со транспарентноста и отчетноста на оваа институција. Овие податоци се логични, имајќи предвид дека само 30 % од испитаниците се запознаени со фактот дека постои интернет-страница на КСЗД. Само три од испитаниците ја посетиле интернет-страницата, а само еден од нив ги добил потребните информации на интернет-страницата. Во однос на подобрувањето на функционалноста на интернет-страницата на КЗД и КСЗД, ЛГБТ-испитаниците предлагаат: поставување повеќе информации за работата на КСЗД (2); да има практички алатки, примероци од претставки за различни основи на дискриминација (3), и да постои можност за интеракција со членовите на КСЗД (1).

Податоците покажуваат дека ЛГБТ-испитаниците сметаат дека КСЗД не е транспарентна и отчетна, па затоа 93,3 % сметаат дека седниците на КСЗД треба да бидат јавни. За разлика од другите испитаници, ЛГБТ-лицата покрај дадените можни одговори во прашалникот го предлагаат и следново: редовно објавување на извештаите за работата на КСЗД (80 %); информирање на јавноста за дискриминаторските закони, политики практики (90 %) и јавност на седниците на КСЗД (76,6 %), а даваат и долга листа предлози за подобрување на работата на КСЗД.

Зголемувањето на бројот на претставки од маргинализираните заедници до КСЗД е еден од начините за подобрување на нивната работа. На тој начин членовите ќе станат почувствителни за секојдневните проблеми на ЛГБТ-заедницата и ќе преземаат превентивни мерки за да го спречат дискриминаторското постапување од страна на институциите и поединците.

ЛГБТ-испитаниците предлагаат подобра промоција на работата на КСЗД преку традиционалните медиуми и социјалните мрежи, како и информирање на јавноста преку медиумите за решените случаи на дискриминација и за случаите во кои е утврдена дискриминација.

За подобра превенција и заштита од дискриминација, ЛГБТ-испитаниците сметаат дека е потребна поголема чувствителност на институциите за работа со ЛГБТ-лицата и поттикнување на членовите на КСЗД да постапуваат во претставките во кои се засегнати правата на ЛГБТ-лицата. Исто така, неопходно е да се воспостави меѓусебна доверба меѓу ЛГБТ-заедницата и членовите на КСЗД, преку заеднички активности, учество на членовите на КСЗД на настани организирани од страна на ЛГБТ-заедницата и други облици на заемна соработка. Зголеменото учество на ЛГБТ-лицата во институциите ќе го подобри прифаќањето и ќе овозможи поддржувачка околина за откривање на идентитетот во заедницата.

Подобрувањето на законската рамка за постигнување еднаквост во областа на семејните и наследните права (брак, граѓанско партнерство) и измената и дополнувањето на законите што ги дискриминираат ЛГБТ-лицата ќе придонесе за спречување и заштита од дискриминација. Покрај заштита во Законот, испитаниците предлагаат и преземање конкретни мерки насочени кон вработување, квалификација, доквалификација, домување за ЛГБТ-лицата и други мерки.

Во областа на образованието, тие предлагаат промовирање на еднаквоста преку образованието, опфатеност на ЛГБТ-теми во рамките на формалното образование и воведување сеопфатно сексуално образование.

Транс-луѓето предлагаат членовите на КСЗД да станат почувствителни за специфичните проблеми и потреби со кои се соочува транс-заедницата, јавно да се зборува за дискриминацијата на транс-луѓето и да се подигне свеста за забраната за дискриминација и насилство. Исто така, потенцираат дека е важно дискриминаторите да се казнуваат, со цел да се превенираат идните случаи на дискриминација. Во таа смисла, според ЛГБТ-испитаниците, потребно е редовно да се објавува статистика за бројот на казнетите сторители на дискриминација, со што ќе се испрати порака дека дискриминацијата де факто се казнува.

Испитаниците предлагаат подобра соработка со другите механизми за заштита од дискриминација, на приме со Народниот правобранител. Исто така, тие сметаат дека КСЗД, меѓу другото, треба да се вклучи во промоција на својата работа на локално ниво и да ги информира луѓето на целата територија за ЗСЗД и за механизмите за заштита од дискриминација. Дел од испитаниците предлагаат во единиците на локалната самоуправа да се назначи најмалку по едно лице задолжено за дискриминација.